Кроациа Осигурување АД
Друштво за осигурување на Живот
Генерална Дирекција
ЕДБ: 4030004526504

КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ-ЖИВОТ А.
Бр. 02-2585/2
14.07 2016 год
СКОПЈЕ

CROATIA® осигурување/живот

Член на Групацијата Кроациа Осигурување

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА

Согласно член 126 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Кроациа Осигурување – Живот АД – Друштво за осигурување на живот, ги донесе следниве:

ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА
"Летна наградна акција на Croatia"

1. **Организатор на наградната игра**:

Организатор на Наградната игра е Кроациа Осигурување – Живот АД – Друштво за осигурување на живот, со седиште во Скопје, ул. Св. Кирил и Методиј бр. 20, 1000 Скопје, со ЕДБ 4030004526504 и ЕМБС 5920922.

2. **Назив на наградната игра**:

Официјално име на Наградната игра гласи "Летна наградна акција на Croatia".

3. **Цел на наградната игра**:

Цел на оваа наградна игра е афирмација на брендот Кроациа Осигурување – Живот и промоција на животно осигурување.

4. **Територија**:

Наградната игра ќе се организира и спроведува на цела територијата на Република Македонија.

5. **Времетраење на наградната игра**:

Наградната игра ќе започне на 15.08.2016 и ќе трае до 15.09.2016 година.

6. **Право на учество**:

Во наградната игра право на учество имаат сите полнолетни граѓани во Република Македонија, со испраќање на СМС порака со однапред дефинирана содржина на контакт телефонот 078 230 443. Право на учество во наградната игра немаат вработените во Кроациа Осигурување – Живот АД Скопје и членовите на потесниот круг на нивните семејства.

7. **Механизам на наградната игра**:

Механизмот на учество во наградната игра е следниот:

- Организаторот ќе објави на Фејсбук и на порталот mkd.mk веб банер со повик за учесво во наградната игра.
- Читателите на порталот mkd.mk и ФБ корисниците стануваат учесници во наградната игра со испраќање на СМС порака.
- Организаторот на неделно ниво ги контактира учесниците во наградната игра во насока на пополнување на купон за учесво во извлекување.
- Организаторот на неделно спроведува извлекување по принципот на избор на среќен добитник со што избира добитник на наградно патување - викенд за двајца.

- Пристигнатите апликации во периодот на траење на наградната игра имаат право да учествуваат во сите четири извлекувања.
- Еднаш извлечен добитник, нема право да учествува во другите извлекувања.

8. **Услови за учество во наградната игра**:
- За да можат да учествуваат во наградната игра, потенцијалните учесници потребно е да испратат СМС порака со содржина „LETO SO CROATIA - име и презиме“ на телефонскиот број 078 230 443.
- Еден учесник има право да испрати само една смс порака односно да пополни само едно купонче за учесво во извлекувањето, односно во наградната игра има ограничување за учесво на повеќе купончиња со исти податоци.
- Секоја петок во 10 часот организаторот спроведува извлекување по принципот на избор на среќен добитник со што избира добитник на наградно патување - викенд за двајца.
- Резултатите, односно име, презиме и место на живеење на добитникот ќе бидат објавени најдоцна следниот ден од денот на утврдувањето на добитникот на веб страницата на Кроациа Осигурување – Живот www.cro.mk, како и на веб порталот mkd.mk;

9. **Награди во наградната игра**:
   - 1 недела – викенд за двајца во Грција
   - 2 недела – викенд за двајца во Грција
   - 3 недела - викенд за двајца во Грција
   - 4 недела - викенд за двајца во Грција

10. Награден фонд на наградната игра:

| Вид на награда | Број на награди | Поединечна вредност на наградата во мкд | Вкупна вредност на наградите во мкд (кол х поед.вред. на награда) |
|---|---|---|---|
| Викенд за двајца | 4 | 18.450,00 денари | 73.800,00 денари |

Во оваа наградна игра ќе се доделат вкупно 4 награди викенд за двајца. Вкупниот награден фонд за оваа Наградна игра изнесува 73.800,00 денари со вклучен ДДВ.
Количината на наградите од Наградната игра е ограничена и нема да бидат доделени повеќе награди од оние кои што се претходно определени. Замена на наградите со други награди, со парична или друга противвредност не е дозволена. Учесниците во Наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во правилата од страна на Организаторот. Организаторот не подлежи на никаква одговорност за задоцнети или изгубени учества.

**11. Постапка и контрола на извлекување на имињата на добитниците на награди**

Организаторот во голем сад ќе ги смести сите купони кои учесвуваат во наградната игра од кој потоа, исклучиво по случаен избор, ќе се извлекуваат добитниците на наградите. Во извлекувањето на добитниците нема да влијае човечки фактор. Извлекувањето ќе се врши во просториите на седиштето на Кроациа Осигурување – Живот АД. Скопје во присуство на Комисија составена од тројца вработени од Кроациа Осигурување – Живот АД. Скопје која ќе врши контрола на извлекувањето на наградите.

Извлекувањето ќе се врши на датумите подолу (петок во 10,00 часот), последователно четири седмици и тоа:

- на 26.08.2016 година – ќе се извлекува наградата викенд за двајца во Грција во вредност од 18.450,00 денари
- на 02.09.2016 година – ќе се извлекува наградата викенд за двајца во Грција во вредност од 18.450,00 денари
- на 09.09.2016 година - ќе се извлекува наградата викенд за двајца во Грција, во вредност од 18.450,00 денари
- на 16.09.2016 година – ќе се извлекува наградата викенд за двајца на Грција, во вредност од 18.450,00 денари

12. **Подигање на наградите**:

Подигањето на ваучерите за наградите се врши во Дирекцијата на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот, во рок од 30 дена од денот на објавување на добитникот, при што наградите ќе може да се искористат до крајот на 2016 година, во спротивно добитникот ќе ја изгуби наградата.

Организаторот доделува ваучер патување кој може да се искористи во Туристичка агенција со која Организаторот склучил договор за соработка. Согласно Договорот за соработка реализацијата на аранжманот од наградната игра е одговорност на туристичката агенција.

13. **Запознавање на учесниците со наградната игра**:

Правилата на наградната игра ќе бидат објавени во на порталот mkd.mk и веб страницата на Кроациа Осигурување – Живот АД. Скопје, а по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии.

Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правилата на наградната игра. Копија од Официјалните правила на наградната игра, секој учесник може да побара од просториите на Организаторот или со јавување на потрошувачката инфолинија на 15510, во периодот на времетраење на наградната игра од понеделник до , помеѓу 08:00 и 16:00 часот. Организаторот го задржува правото да дисквалфикува учесници кои не се согласуваат со официјалните правила, кои дејствуваат спротивно на духот на Наградната игра.

14. **Обработка на лични податоци**:

Со учеството во Наградната игра, учесниците се согласни да ги дадат своите лични податоци и тоа: име, презиме, контакт телефон и место на живеење. Организаторот ќе ги користи и обработува личните податоци на добитниците исклучиво за целите на Наградната игра.

Податоците ќе ги напише на формулар посебно подготвен за таа намена и веднаш после неговото пополнување ќе го стави во кутија наменета за целите на оваа наградна игра.

Лицата кои ќе бидат вклучени во процесот на прибирање и обработка на личните податоци, имаат потпишани овластувања за работа со лични податоци и изјава за заштита на лични податоци.

Учесникот во наградната игра изречно се согласува дека организаторот, до отповикување од страна на учесникот, може да прибира, води, чува и обработува збирка собрани лични податоци на наградените и регистрираните корисници, за целите на оваа наградна игра.

Дадената писмена согласност за користење на личните податоци, добитникот има право да ја отповика во секој момент, со доставување на барање, врз основа на кои личните податоци ќе се исклучат од понатамошното користење.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку е тоа потребно за изведување на наградната игра.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека ќе ги обработува и чува во период од 3 месеци по завршувањето на наградната игра. После тоа истите ќе ги уништи согласно процедурата за уништување документи.

15. **Приговори**:

Секој незадоволен учесник во наградната игра кој има приговор или рекламација во врска со организацијата на оваа наградна игра, има право писмено да поднесе приговор до Организаторот на наградната игра и за истото да добие писмено известување во рок од 8 дена од приемот на приговорот.

Приговорите и рекламациите се сметаат за благовремено поднесени, доколку се достават најдоцна 8 дена од утврдувањето на причината поради која се приговара, но не подоцна од 8 дена по завршувањето на наградната игра.

16. **Евентуални спорови**:

Секое несогласување помеѓу Организаторот и учесниците во наградната игра ќе се решаваат спогодбено, а во случај на спор за истиот ќе решава надлежниот суд во Скопје и во согласност со важечките закони во Република Македонија.

17. **Одговорност**:

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик. Организаторот на наградната игра не дава гаранција дека учесникот ќе добие награда ако потроши поголема сума на пари. Организаторот не одговара за евентуални штети причинети во текот или во врска со учеството во наградната игра.

Организаторот не одговара во случај кога добиена награда не може да биде дадена или искористена поради невозможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки сврзани со

конкретниот добитник или негов претставник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законскиограничувања или други околности.

18. **Откажување на наградната игра**:

Наградната игра може да се откаже во било која фаза, во случај на виша сила, во ситуација кога не постои можност Организаторот да има независност во спроведувањето на наградната игра. Во случај на откажување на наградната игра, Организаторот ќе ги информира учесниците за откажувањето на наградната игра, за причините поради кои се откажува наградната игра, како и за датумот на откажување со објавување на порталот mkd.mk и веб страницата на Кроациа Осигурување – Живот АД. Скопје.

19. **Важност на правилата на наградната игра**:

Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување, а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за Финансии ќе издаде дозвола за приредување на игра на среќа – наградна игра и истите ќе важат се до завршувањето на наградната игра. Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.

20. **Реклама на наградната игра**:

Наградната игра ќе се рекламира во електронските медиуми.

Подготвил:________________

Контролирал / Одобрил: ________________

Вилма Учета Дузлевска

________________

Генерален Директор
**Кроациа Осигурување – Живот АД**